Предлагач: Група Пратеници

П Р Е Д Л О Г - З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 13 03. 2025
Орг. Един. / Njësia. Org.: 08 | Број / Numer: 1683/1 | Прилог / Shtojce: | Вредност / Vlerë:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРАТЕНИЦИ :

1. Антонијо Милошоски
2. Ели Панова
3. Драган Ковачки
4. Петар Марков
5. Малина Станиовиќ
6. Бране Петрушевски
7. Грација Бакраческа
8. Емилија Ангелова - Е. Ангелова
9. Моника Трајановиќ
10. Бојан Стојаноски
11. Бети Стаменковска Трајкоска
12. Катерина Насковска
13. Тони Ѓорѓевски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со овој закон се уредува воспоставување на механизам за спречување и заштита од дискриминација по било кој основ во согласност со Уставот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог - законот е уредување на одредба од Законот за учебници во основно и средно образование за усогласување со Уставот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложеното изменување на Законот за учебници во основно и средно образование не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложеното изменување на Законот за учебници во основно и средно образование не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25), во член 23 зборовите: „Законот за спречување и заштита од дискриминација" се заменуваат со зборовите: „Уставот на Република Северна Македонија".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог - законот за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование содржи 2 члена.

Со членот 1 се врши изменува во член 23 од Законот во насока на усогласување со Уставот.

Со членот 2 од овој закон се уредува денот на влегување во сила на законот

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани, чинат правна целина и со нив се овозможува непречено вршење на дејностите од областа на основното и средното образование образование.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето на Законот за учебници за основно и средно образование се врши усогласување со Уставот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 23

Учебникот не смее да содржи рекламни пораки, огласи или содржини кои промовираат дискриминација по која било основа за дискриминација предвидена во Законот за спречување и заштита од дискриминација.